МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 17 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА НОТАРСКИТЕ КАНЦЕЛАРИИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува работното време на нотарските канцеларии.

**Член 2**

(1) Работното време на нотарските канцеларии започнува во 9.00 часот, а завршува во 17.00 часот, секој работен ден од неделата.

(2) По писмено барање на странката кога за тоа има оправдани причини, нотарот презема службени дејствија и во работни денови од 17.00 до 19.00 часот и во други неработни денови во договор со странката.

**Член 3**

(1) Нотарот го определува времето за прием на странки на начин што најмалку два пати дневно прима странки и тоа два работни часа претпладне и два работни часа попладне, до завршување на работното време.

(2) Одлуката со кој го определува времето за прием на странки, нотарот ја доставува до Нотарска комора на Република Македонија на денот на започнување со работа, и се придржува до неа.

**Член 4**

(1) Работното време и времето за примање на странки на нотарската канцеларија, треба да биде истакнато на видно место на влезот во нотарската канцеларија.

(2) Во случај нотарската канцеларија во текот на работното време да биде затворена, нотарот на влезот на канцеларијата истакнува соопштение со кое ќе ги извести странките кога ќе продолжи со работа.

(3) Во случај на подолга спреченост за работа поради болест или други причини, нотарот истакнува соопштение на канцеларијата за лицето именувано да го заменува во периодот на спреченост на нотарот и да ја врши нотарската служба наместо него.

**Член 5**

Нотарот кој привремено ја врши службата за друг нотар во случаите предвидени со закон, истакнува соопштение на влезот од двете нотарски

канцеларии и го определува времето за прием на странките на двете канцеларии.

**Член 6**

Нотарите кои започнале со работа до денот на отпочнување на примената на овој правилник, ќе го усогласат работното време на нотарските канцеларии најдоцна 30 дена од денот на отпочнување на примената на овој правилник.

**Член 7**

Нотарите кои започнале со работа до денот на отпочнување на примената на овој правилник, одлуката од член 3 став (2) од овој правилник, ќе ја достават до Нотарската комора на Република Македонија најдоцна 30 дена од денот на отпочнување на примената на овој правилник.

**Член 8**

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за работното време на нотарските канцеларии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/08).

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнување на примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4716/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
**Валдет Цафери,** с.р.